# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА СТРУКТУРНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ

**Сл.Весник на Р.Македонија бр. 28/97 од 20.06.1997 година**

### Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој со заем во износ од 44,4 милиони германски марки (еквивалент на 30 милиони американски долари), наменет за подобрување на платниот биланс на Републиката.

### Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 на овој закон се утврдуваат со Договор за заем за структурно приспособување, склучен меѓу Република Македонија и меѓународната банка за обнова и развој.

### Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 на овој закон е 20 години со грејс период од пет години. Заемот ќе се отплатува во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 февруари и 15 август секоја година, почнувајќи од 15 август 2002 година.

Каматата ќе биде шестмесечен ЛИБОР.

На неповлечените средства од заемот се плаќа провизија од 0,75% годишно.

Каматата и другите провизии ќе се плаќаат полугодишно на 15 февруари и 15 август секоја година.

### Член 4

Република Македонија заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

### Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".